26443

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 20. X. 1980, 5379, 6,

ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА „ИНТЕРИМПЕКС“ И СИЗ ЗА КУЛТУРА НА СКОПЈЕ

# Повторно дежурен ученички автобус

Во организација на туристичката агенција „Интеримпекс“ и СИЗ за култура на град Скопје, деновиве повторно почна да со обраќа дежурниот ученички автобус. Оваа новина, што беше воведена ланската учебна година, се одвива под мотото „Запознај го својот град“. Опфатени се учениците од осмите одделенија од сите училишта на подрачјето на Скопје.

Учениците ги посетуваат: Археолошкиот, Историскиот, Етнолошкиот, Природонаучниот музеј, како и Музејот на град Скопје на современата уметност и Зоолошката градина. Лани, овие институции ги посетија околу 17.500 ученици, а се планира есенва да ги посетат околу 10.000 осмоодделенци.

За оваа намена се ангажирани четири автобуси, а трошоците ги финансира СИЗ за култура на град Скопје.

Ц. Т.